# ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА РБН И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

м-р. Габриела Гајдова
Судија
Основен суд Велес

# ИСТАНБУЛСКА КОНВЕНЦИЈА ПОГЛАВЈЕ IV

- Конвенцијата го препознава насилството врз жените како родово засновано кршење на човековите права и форма на дискриминација и бара нулта толеранција за ваквите форми на насилство
- Конвенцијата бара сите мерки и активности во фокусот да ги имаат потребите и безбедноста на жртвите

# ОБВРСКИ НА ДРЖАВИТЕ

- да воспостават систем за информирање на жртвите на насилство за нивните права и начинот како да ја остварат нивната заштита
- да обезбедат правна помош и специјализирани услуги за поддршка на жртвите
- да обезбедат посебна поддршка на жртвите на сексуалното насилство
- да обезбедат заштита на жртвите

# ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ

- преку ефективна соработка меѓу сите релевантни државни органи
- преку мерки на заштита кои:
  - ќе се засновани врз родово разбирање на насилството и се фокусираат врз човековите права и безбедноста на жртвата;
  - ќе се засновани врз интегриран пристап којшто го зема предвид односот меѓу жртвите, сторителите, децата и нивната поширока општествена средина;
  - ќе се насочени кон избегнување секундарна виктимизација;
  - ќе се насочени кон јакнење и економска независност на жените жртви на насилство;
  - ќе дозволуваат, кога тое е соодветно, низа услуги за заштита и на поддршка на жртви да се сместени во истите простории;
  - ќе се третираат специфичните потреби на ранливите лица, вклучувајќи и деца-жртви, и
  - ќе се достапни на жртвите.

# ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ

- давањето услуги да не зависи од волјата на жртвата да покрене обвинение или да сведочи против кој било сторител
- да обезбедат општи и специјализирани услуги на поддршка на жртвите

# ОПШТИ УСЛУГИ

- услуги кои што овозможуваат закрепнување на жртвите од насилството (правно и психолошко советување, финансиска помош, домување, образование, обука и помош при вработување, потоа пристап до здравствени и социјални услуги )

- соодветна правна заштита (можност за поднесување на правно средство)

# СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ

- лесно достапни и соодветни засолништа
- бесплатни телефонски линии за помош
- лесно достапни и соодветни кризни центри при силување или центри за упатување на жртви при сексуално насилство
- судска заштита

# СУДСКА ЗАШТИТА

- да се обезбеди заштита и поддршка на деца-сведоци
- да се обезбеди можност да се пријави акт на ансилство или закана од насилство
- да се обезбеди право за соодветни граѓанско правни лекови

# ПРАКСА НА ЕСЧП

Bavequa and S v. Bulgaria

*(Application no. 71127/01)*

# ИТНИ МЕРКИ НА ЗАШТИТА

- со закон да се дефинира овластување на надлежен орган за издавање наредби за физичка дистанца на насилникот од жртвата
- да се идентификува орган кој ќе има овластување за издавање наредби за напуштање на живеалиштето
- специјална обука на надлежните институции и меѓуинституционална и меѓусекторка соработка во заштитата на жртвата

# МЕРКИТЕ НА ЗАБРАНА НА ПРИБЛИЖУВАЊЕ ИЛИ ЗАШТИТА НА ЖРТВАТА МОРА:

- да се достапни за непосредна заштита и без непотребни финансиски или административни товари врз жртвата;
- да се издаваат за определен период или cé додека не се изменат или не се отповикаат;
- кога е потребно, да се издаваат на ex parte основа со непосредна дејство;
- да се достапни без оглед или како дополнение на други правни постапки и
- да може да се изрекуваат во последователни правни постапки.

Прекршувањето на мерките за забрана на приближување и за заштита треба да е инкиминирано и да е предмет на кривични или други санкции кои се ефективни, сразмерни и кои одвраќаат од вршење на кривични дела.

# КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ

- ПРОМПТНИ
- ЕФЕКТИВНИ
- БЕЗ НЕПОТРЕБНО ОДЛАГАЊЕ
- УПОТРЕБА НА СООДВЕТНИ МЕРКИ ЗА ПРОБИРАЊЕ НА ДОКАЗИ
- ПРОЦЕНКА НА РИЗИК
- ПРИМЕНА НА ЗАШТИТНИ МЕРКИ

# ПРАКСА НА ЕСЧП

- Чивек против Турција
- Талпис против Италија

# ОБВРСКИ НА ДРЖАВАТА

Мерки на заштита на жртвите преку:

- обезбедување на безбедност на жртвите, како и на безбедноста на нивните семејства и сведоците во нивно име, од заплашување, одмазда и повторена виктимизација;
- обезбедување информирање на жртвите, барем во случаи кога жртвите и семејството може да се во опасност, за бегство на сторителот односно привремено или трајно ослободување;
- информирање на жртвите, во согласност со условите предвидени со внатрешното право, за нивните права и услугите што им се на располагање, последователните активности во врска со нивната жалба, обвинението, општото напредување на истрагата или постапката, и нивната улога во нив, како и за исходот на нивните случаи;
- овозможување на жртвите, на начин и во согласност со процесните правила на внатрешното право, да бидат ислушани, да достават докази и да ги презентираат нивните гледишта, потреби и интереси, непосредно или преку посредник, и дека ќе се земат предвид;

# ОБВРСКИ НА ДРЖАВАТА

Мерки на заштита на жртвите преку:

- обезбедување на жртвите со соодветни служби за поддршка така што нивните права и интереси уредно да се презентираат и да се земат предвид;
- обезбедување усвојување на мерки за заштита на приватноста и угледот на жртвата;
- обезбедување, кога е можно, да се избегнува контактот меѓу жртвите и сторителите во суд и во просториите на органите за спроведување на законот;
- обезбедување на жртвите со независни и стручни преведувачи, кога жртвите се странки во постапката односно кога приложуваат докази;
- овозможување на жртвата да сведочи, според правилата предвидени во внатрешното право, во судница без да биде присутна односно барем без присуство на обвинетиот, секако преку употреба на соодветни комуникациски технологии, таму каде што се достапни.

# НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

- ЗКП – жртвата на кривично дело има право:

1. да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета;
2. на посебна грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка и
3. на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви за кривични дела.

# НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

- ЗКП – жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години има право на:

1. советник на товар на буџетските средства пред давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотноправно барање, ако има тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело и
2. надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд под услови и на начин пропишан со посебен закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот.

# НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВТСВО

- ЗКП – ранливите категории на жртви имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката
- судот секогаш мора да определи посебна мерка на процесна заштита:

1) кога детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или
2) кога детето е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба.

- Во тие случаи, покрај другите посебни мерки на процесна заштита, судот здолжително мора да определи поединечно или заедно со друга посебна мерка на заштита, видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето за да се користи како доказ во постапката.

# НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВТСВО

- ЗКП – посебни права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право: жртвата, покрај претходно наведените права ги има и следниве права:

1) пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен;
2) да биде испитувана од лице од ист пол во полицијата и во јавното обвинителството;
3) да не одговори на прашања што се однесуваат на личниот живот на жртвата, а не се поврзани со кривичното дело;
4) да бара испитување со помош на визуелно-тонски средства на начин определен со овој закон и
5) да бара исклучување на јавноста на главната расправа.

# БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

м-р.Габриела Гајдова
Судија
Основен суд Велес